СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НЕГОТИНО

02.11.2026 | број 16 | Излегува по потреба



Адреса: ул. „ Ацо Аџи Илов “ бр.2 **тел: 043 361-045**

e-mail: sovet@negotino.gov.mk **www.negotino.gov.mk**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96

став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за доделување на Награда 8 Ноември за 2026 година

Се објавува **Одлука за доделување на Награда 8 Ноември за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/1
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и

3/22) , член 3 и 6 од Одлуката за востанување на општинските награди и признанија бр.07-249/8 од 20.09.2001 година („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 7/01) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
За доделување на награда 8 Ноември за 2026 година

Член 1

Се доделува награда **8 Ноември** како награда за животно дело на **Андреа Кулаков** .

Член 2

Наградата 8 Ноември му се доделува за **значајни достигнувања и откритија од областите на роботиката, деловната интелегенција, обработка на слика и звук и други подобласти на когнитивни науки и вештачка интелигенција.**

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

бр.08-2382/3
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за доделување на Признанија 8 Ноември за 2026 година

Се објавува **Одлука за доделување на Признанија 8 Ноември за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/2
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и

3/22) , член 3 и 6 од Одлуката за востанување на општинските награди и признанија бр.07-249/8 од 20.09.2001 година („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 7/01) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А

За доделување на признание 8 Ноември за 2026 година

Член 1

Се доделува признание **8 Ноември** на :

1. **Никос Тсимас - за меѓународна промоција и афирмација на општина Неготино**
2. **Фолклорен ансамбл „ Ацо Ѓорчев “ Неготино – за афирмација на општина Неготино во областа на културата**
3. **Сузана Андонова – за афирмација на општина Неготино во областа на образованието**
4. **Градски фудбалски клуб Неготино – Зоран Недев – за афирмација на општина Неготино во областа на спортот**
5. **Ферат Рустемов – за развој на параспотот и спортска инклузија на лица со оштетен вид и афирмација на општина Неготино во областа на параспортот**
6. **Јован Јовановски –за млад спортист**

Член 2

Признанијата им се доделуваат за остварени резултати во областа на науката, спортот, образованието, здравството и стопанството помеѓу двата празника **8 Ноември** и нивниот придонес во развојот и афирмацијата на општина Неготино.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

бр.08-2382/4
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96

став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

Се објавува **Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/3
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), во врска со Барање за дотации на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

бр. 03-99/1 од 25.09.2026 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

Член 1

Со оваа одлука од Буџетот на општина Неготино се преотстапуваат парични средства за дотации на **ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“** Неготино во износ од **1.800.000,00** денари.

Паричните средства за дотации се доделуваат заради покривање на тековни оперативни трошоци за нормално функционирање на јавното претпријатие.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

бр.08-2382/5
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување член на Управниот одбор за на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

Се објавува **Решение за именување член на Управниот одбор за на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/4
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 17-г став 5 и став 6 член 17- ѓ став 4 од Закон за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 9/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , Сл.весник на РСМ бр. 35/19, 275/19, 89/22 274/22, 208/24 и 193/25) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “бр.202/24) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22

), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За именување член на Управниот одбор за на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

Член 1

За член на Управниот одбор на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино се именува :

1. **Весна Лазарова**

Член 2

Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав на Управниот одбор на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ .

Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „**Службен гласник на Општина Неготино “.**

бр.08-2382/6
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за давање на трајно користење без надомест на две специјализирани возила метларки за улица на ЈП „Комуналец“ Неготино

Се објавува **Одлука за давање на трајно користење без надомест на две специјализирани возила метларки за улица на ЈП „Комуналец“ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/5
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11 , 16/12,16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
За давање на трајно користење без надомест на две специјализирани возила метларки за улица на ЈП „Комуналец“ Неготино

Член 1

Со оваа одлука Општина Неготино на ЈП „Комуналец“ Неготино му предава на **трајно користење без надомест две специјализирани возила метларки за улица** со следните карактеристики:

1. **Мобилна машина за метење на улици :**
   - **Марка: Green Machines;**
   - **Тип: 636 (GM636 Stage V);**
   - **Број на шасија: U19Y608H1TVGMV050;**
   - **Број на мотор: FPL0714;**
   - **Година на производство: 2026 година**
   - **Работна зафатнина на моторот: 1498 cm3**
   - **Сила на моторот :32.5 kw и**
   - **Боја на каросеријата: Зелена/Сива**

2. **Електрична мобилна машина за метење на улици :**
   - **Марка: Green Machines;**
   - **Тип: 400 ze RS;**
   - **Број на шасија: U19Y405M1TVGMV045;**
   - **Број на мотор: 215062013;**
   - **Година на производство: 2026 година;**
   - **Работна зафатнина на моторот: Електричен погон (батерии);**
   - **Сила на моторот :8,9kw и**
   - **Боја на каросеријата: Зелена**

Член 2

Општина Неготино **двете специјализирани возила метларки за улица** од член 1 на оваа одлука му ги предава на ЈП „ Комуналец “ Неготино на користење без надомест заради вршење на дејноста за која е основано.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

бр.08-2382/7
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за давање на управување и одржување на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник на ЈП „Комуналец“ Неготино

Се објавува **Одлука за давање на управување и одржување на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник на ЈП „Комуналец“ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/6
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11 , 16/12,16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
За давање на управување и одржување на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник на ЈП „Комуналец“ Неготино

Член 1

Со оваа одлука Општина Неготино на ЈП „ Комуналец“ Неготино му ги предава на **управување и одржување потисниот цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник .**

Од страна на општина Неготино на ЈП „ Комуналец “ Неготино ќе му биде предаден и Проект на изведена состојба за објект „ **Потисен цевковод и резевоар завода за пиење во с. Тремник , општина Неготино “ со тех. бр. ВК -01/2026 изработен од ДИПК АК ИНЖЕНЕРИ ДООЕЛ**

Член 2

Се задолжува **ЈП „ Комуналец “ Неготино** да врши управување и редовно одржување заради функционирање на водоснабдителниот систем во рамки на своите надлежности.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

бр.08-2382/8
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за поништување на Одлука бр. 08-347/5 од 19.05.2021 година за отстапување на спортски објекти донесена од Совет на општина Неготино

Се објавува **Одлука за поништување на Одлука бр. 08-347/5 од 19.05.2021 година за отстапување на спортски објекти донесена од Совет на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/7
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ бр. 5/02 “ и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
за поништување на Одлука за отстапување на спортски објекти

Член 1

Се поништува Одлука за отстапување на спортски објекти бр. 08-347/5 од 19.05.2021 година донесена од страна на Советот на општина Неготино .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ , а ќе се применува од 15.11.2026 година.**

бр.08-2382/9
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за поништување на Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино бр. 08-576/5 од 24.09.2021 година донесена од Совет на општина Неготино

Се објавува **Одлука за поништување на Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино бр. 08-576/5 од 24.09.2021 година донесена од Совет на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/8
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ бр. 5/02 “ и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
за поништување на Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино

Член 1

Се поништува **Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино** бр. 08-576/5 од 24.09.2021 година, донесено од страна на Советот на општина Неготино **.**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ , а ќе се применува од 15.11.2026 година.**

бр.08-2382/10
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за поништување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб „ МАРШАЛ “ Неготино бр. 08-197/9 од 11.03.2020 година донесена од Совет на општина Неготино

Се објавува **Одлука за поништување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб „ МАРШАЛ “ Неготино бр. 08-197/9 од 11.03.2020 година донесена од Совет на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/9
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ бр. 5/02 “ и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А
за поништување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино

Член 1

Се поништува Одлука бр. 08-197/9 од 11.03.2020 година донесена од страна на Советот на општина Неготино за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ , а ќе се применува од 15.11.2026 година.**

бр.08-2382/11
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за прифаќање на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка преку користење на интелектуални услуги од областа на проценатa помеѓу општина Неготино и општина Конче

Се објавува **Одлука за прифаќање на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка преку користење на интелектуални услуги од областа на проценатa помеѓу општина Неготино и општина Конче,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/10 **ГРАДОНАЧАЛНИК**
02.11.2026 година **Општина Неготино**
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ “ бр.79/09 и „Службен весник на РСМ “ бр.241/24), член 14 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.05/02 и „ Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл. Гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22) , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

ОДЛУКА
за воспоставување на меѓуопштинска соработка преку користење на интелектуални услуги од областа на проценатa

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Конче и Општина Неготино, заради користење на интелектуални услуги од областа на проценатa.

Меѓуопштинската соработка се воспоставува поради потребата на Општина Конче за ангажирање на **овластен проценител**, за вршење на процена на недвижен и подвижен имот и други предмети на процена, согласно со закон.

Член 2

Обликот на меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување договор за вршење на определени работи од страна на Општина Неготино за потребите на Општина Конче, односно преку обезбедување интелектуални услуги од страна на овластен проценител ангажиран од Општина Неготино.

Член 3

Услугите од член 1 на оваа Одлука се однесуваат на:

- Изготвување проценки на недвижен и подвижен имот согласно потребите на Општина Конче;
- Процена на пазарна вредност на недвижности;
- Процена на имот и други предмети кога тоа е потребно за реализација на надлежностите на Општина Конче;
- Изготвување извештаи и елаборати за извршените процени;
- Други услуги од областа на проценатa согласно со закон и потребите на Општина Конче.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Неготино да склучи договор за меѓуопштинска соработка со градоначалникот на Општина Конче со кој поблиску ќе се уредат начинот, условите, обемот и времетраењето на соработката, како и меѓусебните права и обврски на општините.

Член 5

Меѓуопштинската соработка се воспоставува за период од четири години, сметано од денот на склучувањето на Договорот од член 4 од оваа Одлука.

Член 6

Надоместокот за извршените услуги од страна на администрацијата на општина Неготино за потребите на администрацијата на општина Конче изнесува 2.500,00 (две илјади и петстотини) денари месечно, патните трошоци ќе ги сноси корисникот на услугата, а останатото ќе биде утврдено со Договорот за Меѓуопштинска соработка меѓу општините Конче и Неготино.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино “.**

бр.08-2382/12
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за доделување на еднократна парична помош

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/11 **ГРАДОНАЧАЛНИК**
02.11.2026 година **Општина Неготино**
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 и “Службен весник на РСМ” бр. 202/24), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Одлуката за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош и доделување на финансиски средства на граѓани бр.07-530/16 од 27.09.2010 година („ Службен гласник на општина Неготино“ бр. 8/10) Советот на општина Неготино на седницата одржана на **30.10.2026** година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За доделување на еднократна парична помош

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на :

1. **Панче Јанчев од с. Долни Дисан во износ од 5.000,оо денари**
2. **Орхан Усинов од с.Пепелиште во износ од 5.000,оо денари**
3. **Катерина Спироска од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
4. **Јаким Додев од с. Војшанци во износ од 5.000,оо денари**
5. **Роберт Димов од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
6. **Ристенка Младеновска од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
7. **Јанка Самандова од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
8. **Илија Петков од Неготино во износ од 5.000,оо денари**

9. **Весела Ѓорѓиева од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
10. **Цветанчо Недев од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
11. **Сулејман Матлијевски од Тремник во износ од 5.000,оо денари**
12. **Ленча Манојловиќ од с. Тремник во износ од 5.000,оо денари**
13. **Тоде Ѓорѓиев од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
14. **Горан Станков од Пепелиште во износ од 5.000,оо денари**
15. **Цвета Дубровска од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
16. **Стојанчо Јованов од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
17. **Буба Аџиова од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
18. **Стојан Зафиров од с. Пепелиште во износ од 5.000,оо денари**
19. **Сендита Куртишова од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
20. **Ислам Мустафов од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**

Член 2

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

бр.08-2382/13
30.10.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Градоначалникот на општина Неготино донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за распределба на средства од надоместок за користење на Градскиот плоштад за време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026“

Се објавува **Одлука за распределба на средства од надоместок за користење на Градскиот плоштад за време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026“ ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.10.2026** година.

Бр.09- 2446/12
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.10.2026** година ја донесе следната

О Д Л У К А

за распределба на средства од надоместок за користење на Градскиот плоштад за време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026"

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на распределба на средства остварени по основ на надоместок за користење на Градскиот плоштад во Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема за **време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026 "** одржана на 25.09.2026 година.

Член 2

Вкупниот износ на средствата остварени од надоместокот од член 1 на оваа Олдука се утврдува врз основа на евиденцијата за наплатениот надоместок и соодветната финансиска доументација.

Член 3

Советот на Општина Неготино одлучува средствата од член 2 на оваа одлука да се распределат на следниот начин:

1. **50 % од вкупно собраните средства на сметката на Благоја и Дамјан Стојановски**
2. **50 % од вкупно собраните средства на сметката на Лимка Спасова**

Исплатата ќе се изврши согласно доставените податоци за трансакциските сметки и важечките законски прописи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

Бр.09- 2446/14
02.11.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

С О Д Р Ж И Н А

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО 16 / 26

1. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на Награда 8 Ноември за 2026 година
2. Одлука за доделување на Награда 8 Ноември за 2026 година

3. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на Признанија 8 Ноември за 2026 година
4. Одлука за доделување на Признанија 8 Ноември за 2026 година

5. Заклучок за објавување на Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино
6. Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

7. Заклучок за објавување на Одлука за именување член на Управниот одбор за на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино
8. Одлука за именување член на Управниот одбор за на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

9. Заклучок за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на две специјализирани возила метларки за улица на ЈП „Комуналец“ Неготино
10. Одлука за давање на трајно користење без надомест на две специјализирани возила метларки за улица на ЈП „Комуналец“ Неготино

11. Заклучок за објавување на Одлука за давање на управување и одржување на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник на ЈП „Комуналец“ Неготино
12. Одлука за давање на управување и одржување на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник на ЈП „Комуналец“ Неготино

13. Заклучок за објавување на Одлука за поништување на Одлука бр. 08-347/5 од 19.05.2021 година за отстапување на спортски објекти донесена од Совет на општина Неготино

14. **Одлука за поништување на Одлука бр. 08-347/5 од 19.05.2021 година за отстапување на спортски објекти донесена од Совет на општина Неготино**

15. **Заклучок за објавување на Одлука за поништување на Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино бр. 08-576/5 од 24.09.2021 година донесена од Совет на општина Неготино**
16. **Одлука за поништување на Решение за давање согласност на Тарифник на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во општина Неготино бр. 08-576/5 од 24.09.2021 година донесена од Совет на општина Неготино**

17. **Заклучок за објавување на Одлука за поништување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб „ МАРШАЛ “ Неготино бр. 08-197/9 од 11.03.2020 година донесена од Совет на општина Неготино**
18. **Одлука за поништување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб „ МАРШАЛ “ Неготино бр. 08-197/9 од 11.03.2020 година донесена од Совет на општина Неготино**

19. **Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка преку користење на интелектуални услуги од областа на проценатa помеѓу општина Неготино и општина Конче**
20. **Одлука за прифаќање на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка преку користење на интелектуални услуги од областа на проценатa помеѓу општина Неготино и општина Конче**

21. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
22. **Решение за доделување на еднократна парична помош**

23. **Заклучок за објавување на Одлука за распределба на средства од надоместок за користење на Градскиот плоштад за време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026“**
24. **Одлука за распределба на средства од надоместок за користење на Градскиот плоштад за време на манифестацијата „ Неготинска музичка вечер 2026“**